Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

[redacted]

**Република Македонија**
**Јавно претпријатие за државни патишта**

ЕМБС: 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. 03-10494/

Дата: 09-10- 2018

Скопје

До
Здружение на граѓани Електромобилност Македонија
Бул. "Партизански Одреди"бр.74/14 Скопје

Копија до:

Влада на Република Македонија
Кабинет на Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економските прашања д-р Кочо Анѓушев

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

*Од страна на Владата на Република Македонија доставена е предлог Иницијатива за ослободување од плаќање патарини за електрични и хибридни возила во Република Македонија, од страна на Здружението за граѓани Електромобилност Македонија.*

Имено, врз основа на членот 66 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 16/15, 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016), став (1) од плаќање на патарина за време на служба се ослободуваат:

1) возила со полициска придружба и
2) видливо означени возила на Армијата на Република Македонија,полицијата, Царинската управа, Јавното претпријатие., итната медицинска помош, Црвениот крст на Република Македонија, противпожарните служби, Државниот инспекторат за транспорт, Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните

Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

[redacted]

и регионалните патишта"Македонија пат" Скопје и погребалните возила.

(2) Од плаќање на патарина се ослободуваат возилата на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа,параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(3) Во возилата на лицата од ставот (2) на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Јавното претпријатие. со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина.

Со оглед на тоа дека Јавното претпријатие за државни патишта нема законска основа да ослободува возила од плаќање на патарина по други основи освен наведените во член 66 од Законот за јавните патишта, Ве известуваме дека Вашата иницијатива е доставена до Министерството за транспорт и врски како предлагач на Законот за јавните патишта, со цел да се интервенира во членот 66 од Законот доколку сметаат дека Вашето барање е основано и оправдано.

Со почит,

Директор
Зоран Кирилов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ

Изработил:
Даниела Тасевски
Јосип Лазаревски
Контролирал: Марко Брезоски
Одобрил:
Благоја Тевдовски
Сузана Атанасова